РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-490/2

07-02-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100-та седница одржана на 05.02.2024 година ја донесе следната

## Одлука

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-2255/1 од 12.04.2023 година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување.

Предметната пријава да се достави на надлежно постапување на Бирото за јавни набавки.

Предметот со број 12-2255/1 од 12.04.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител на ден 12.04.2023 година, поднесена е пријава против директорот на ___ ________ ________ _______ и други службени лица вработени во улилиштето, при што ДКСК оформи предмет број 12-2255/1 од 12.04.2023 година.

Во доставената пријава се наведува за можна злоупотреба на службената положба поради трошење на јавни средства без спроведување на постапки за јавни набавки за набавка на книги во 2022 година.

Заради утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара од ___ ______ _ ________ _______ податоци и информации и тоа детално образложение и документација за правниот основ и спроведените постапки во врска со исплатените средства кон правните лица _______ _____ _ ______ _________ .

Во законски предвидениот рок доставено е известување со прилог документација и од увидот во истата ДКСК го утврди следното:

Во врска со спроведените постапки за јавни набавки на книги, лектири и друга литература во текот на 2022 година од страна на _________ _ _________ _______, ДКСК утврди дека постапено е спротивно на членот 40 од Законот за јавните набавки, при што одлучи предметната пријава да се достави на надлежност на друг надлежен орган - Бирото за јавни набавки за да постапи согласно членот 181 став 2 од Законот.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до
- Подносителот на пријавата

Изработил: П.Б.
Одобрил : В.Г., Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk